**Република Северна Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су-07.бр.21/23 - 3**
**17.07.2023 година**
**Охрид**

Судскиот администатор на Основниот суд Охрид, Борче Мирчески, врз основа на член 36 став 1 од Законот за судска служба *(Сл. Весник на РМ, бр.43/14 од 04.03.2018 година, бр.198/18 од 31.10.2018 година),* врз основа на објавен оглас број 2/23 на Основниот суд Охрид, Су-04.бр.17/23 од 16.05.2023 година, а по спроведената постапка за вработување на судски службеник, со звање Судски референт - извршител во писарница, Категорија Г, ниво Г3, еден извршител, на ден 17.07.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**- за избор на Судски референт – извршител во писарница, Категорија Г, ниво Г3 –**

Судскиот администатор на Основниот суд Охрид, Борче Мирчески, врз основа на Конечната ранг листа Су-04.бр.17/23-7.3 од 12.07.2023 година, и предлог на кандидат за вработување, Су-04.бр. 17/23-7.5 од 14.07.2023 година, доставени од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник во Основниот суд Охрид за работното место Судски референт - извршител во писарница, Категорија Г, ниво Г3, еден извршител, **ГО ИЗБРА** кандидатот:

**- Елена Јовановска Димоска , со шифра ОСОГ3001.**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за засновање на работен однос за работно место Судски референт - извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г3, во Основниот суд Охрид.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Основниот суд во Охрид, објави јавен Оглас за вработување на судски службеник, Судски референт - извршител во писарница, бр.02/23, Су-04.бр.17/23 од 16.05.2023 година, во дневите весници „НОВА МАКЕДОНИЈА“ и „КОХА“.

Од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник, во Основниот суд во Охрид, до Судскиот администратор, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 35 став 1 од Законот за судска служба, беше доставена Конечната ранг листа Су-04.бр.17/23-7.3 од 12.07.2023 година, од постапката за вработување, и предлог на кандидат за вработување, 17/23-7.5 од 14.07.2023 година, за работното место Судски референт - извршител во писарница, Категорија Г, ниво Г3, еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 35 став 1, му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Судски референт - извршител во писарница, Категорија Г, ниво Г3, еден извршител, и тоа кандидатот : Елена Јовановска Димоска , со шифра ОСОГ3001.

Судскиот администратор, имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и предлогот на кандидат за вработување, доставени од Комисијата, а постапувајќи согласно член 36 став 1 од Законот за судска служба, го изврши следниов избор:

**За работното место Судски референт - извршител во писарница во Основниот суд Охрид, еден извршител, Категорија Г, ниво Г3, го избира кандидатот :**

**Елена Јовановска Димоска , со шифра ОСОГ 3001**

При изборот на кандидати, Судскиот администратор ја имаше предвид Конечната ранг листа и предлогот од Комисијата, остварените резултати од административната селекција, покажаните резултати од стручниот дел од испитот, познавањето на странскиот јазик, како и резултатите од интервјуто спроведено од страна на Комисијата врз основа на што ја донесе оваа одлука.

**ОД ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД, на ден 17.07.2023 година.**

**Судски администратор,**
**Борче Мирчески**

**ПОУКА**: Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку овој суд до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката.

**Д-на:**

- Елена Јовановска Димоска, Ели Ќосевска, Ирена Колеска , Снеже Кочовска и Славко Јованоски

- на Веб страна на судот.